ОПШТИНА ОХРИД

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2026 ГОДИНА

**Охрид, Декември 2025**

# СОДРЖИНА


Вовед-------------------------------------------------------------------------------------2

1. Надлежности и организациона структура на општина Охрид-----------------3

2. Правни аспекти во борба против корупција--------------------------------------5

2.1. Законска регулатива------------------------------------------------------5

2.2. Дефинирање на поими---------------------------------------------------6

3. Ризици и фактори на ризици од корупција-----------------------------------------8

4. Проценка на ризик од институционална корупција------------------------------9

5. Регистар на ризици-----------------------------------------------------------------13

6. Антикорупциска политика на општина Охрид---------------------------------22

6.1. Препознавање и пријавување на корупцијата------------------------------25

7. Цели на Годишниот план за проценка на ризици од корупција
за 2026 година-----------------------------------------------------------------27

## ВОВЕД

Корупцијата претставува глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји во светот, без оглед на нивото на развиеност или видот на државното уредување. Корупцијата сериозно го попречува нормалниот тек на живот, ефективното и ефикасно работење на институциите, го поткопува правниот систем и имплицира многу негативни последици.

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни по јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности. Извештаите на многу релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата во Македонија. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин наживеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување. Борбата против корупцијата е приоротет на глобално и на национално ниво и бара систематизирани напори и целосна посветеност на сите чинители во општествениот живот. Македонија како активен партиципиент во борбата против корупцијата ја усогласува законската регулатива со меѓународните стандарди.

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности". Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Општина Охрид почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност е општина кај која приоритет е јавниот интерес и превзема мерки и активности за негова заштита. Како дел од институционалниот механизам во борба против корупцијата, општина Охрид донесе Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2026 година кој што ќе овозможи рана детекција и идентификација на ризиците од корупција, нивна анализа и препораки и мерки за нивно спречување. Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2026 година на општина Охрид ќе делува превентивно и ќе овозможи намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.

# 1. Надлежности и организациона структура на општина Охрид

**Општина Охрид** е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на Општината. Општината е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1.Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење објекти од локално значење утврдени со Законот, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

2. Заштита на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски развој- планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење економска локална политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, агенции и промовирање на партнерство;

4. Комунални дејности - снабдување со вода за пиење; испорака на технолошката вода; одведување и пречистување на отпадните води; јавно осветлување; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јавната чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробовите, гробиштата, крематориумите и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на непрописно паркирани возила; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на парковите и зеленилото; парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Култура-институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и сл. културни вредности; организирање културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

6. Спорт и рекреација-развој на масовниот спорт и рекреативните активности; организирање спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за спорт; поддршка на спортските сојузи;

7. Социјална заштита и заштита на децата-детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување социјална грижа за инвалидните лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување право и

воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со законот; организирање превоз и исхрана на учениците и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со социјални потреби (на ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;

12. Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност и

13. Други работи определени со закон.

Администрација на општина Охрид е организирана во 11 сектори и 5 посебни одделенија.

**Сектори во рамки на општина Охрид се:**

1. **Сектор за правни работи;**
   - Одделение за правни работи;
   - Одделение за поддршка на совет;
2. **Сектор за општи работи;**
   - Одделение за информатичка технологија и административно-техничка поддршка;
   - Одделение за заштита, спасување, управување со кризи;
3. **Сектор за финансиски прашања;**
   - Одделение за буџетска координација;
   - Одделение за буџетска контрола;
   - Одделение за сметководство и плаќања;
4. **Сектор за даноци и комунални такси;**
   - Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок;
   - Одделение за прием, издавање, заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство;
   - Одделение за комунални такси;
5. **Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште;**
   - Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината;
   - Одделение за спроведување на урбанистички планови;
6. **Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад;**

Одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата;
Одделение за управување со отпад и регионални депонии;

7. **Сектор за комунални дејности, сообраќај;**
   Одделение за комунални дејности;
   Одделение за сообраќај и улици;
8. **Сектор за јавни дејности;**
   Одделение за поддршка на процесите во образованието;
   Одделение за инвестиции во образованието, градинки и следење на реализација на капитални програми;
   Одделение за детска, здравствена и социјална заштита;
   Одделение за спорт, млади и невладини организации.
9. **Сектор за туризам и локален економски развој;**
   Одделение за туризам;
   Одделение за локален економски развој;
10. **Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО;**
    Одделение за меѓународна соработка;
    Одделение за соработка со УНЕСКО;
11. **Сектор за поддршка на градоначалникот;**
    Одделение за протокол;
    Одделение за односи со јавност.

**Посебни одделенија**

1. Одделение за управување со човечки ресурси;
2. Одделение за јавни набавки;
3. Одделение за внатрешна ревизија;
4. Одделение за инспекциски надзор-инспекторат;
5. Територијална противпожарна единица.

## 2. Правни аспекти во борба против корупција

### 2.1. Законска регулатива

Годишен план за проценка на ризици од корупција на општина Охрид за 2026 година е изготвен согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.весник на РМ бр.12/2019), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 (2026-2030), Планот за борба против корупција „Акција 21“( 2021), Проценката на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија (2019), Методологијата за процена на ризиците од корупција за потребите на стратешкото планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија, Насоките за проценка на ризик од институционална корупција во Република Македонија и врз основа на заклучоците изведени на 55-тата седница на Влада на Република Македонија

во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција, Согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација).

Во насока на активно спречување на корупцијата, покрај горенаведените, општина Охрид антикорупциската политика ја базира на следниве законски и подзаконски акти:
-Кривичен законик на Република Македонија;
-Закон за заштита на лични податоци (Сл.весник на РМ бр.42/20 и 294/21);
-Законот за заштита на укажувачи (Сл.весник на РМ бр.196/15, 35/18, 257/20);
-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (Сл.весник на РМ бр.90/2009, 12/2011, 188/2013 и 192/2015);
- Закон за лобирање (Сл. весник на Р.М бр. 106/2008 и 135/11, 122/21);
-Закон за вработени во јавен сектор;
-Закон за административни службеници (Сл. весник на Р.М бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20);
-Кодекс за административни службеници (Службен весник на РМ, бр. 183/2014);
Општина Охрид има изготвено Стратегија за управување со ризици за периодот 2022-2024 година.
Годишниот план за проценка на ризици од корупција на општина Охрид за 2026 година е документ во кој се детектираат слабостите во постојниот систем на работа во Општина Охрид во борбата против корупцијата, се утврдуваат стратегиските цели што треба да се постигнат со имплементацијата на планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

## 2.2 Дефинирање на поими

**Корупција**

Не постои универзална дефиниција за корупција во литературата, меѓутоа објаснувањето за корупцијата скоро секогаш се поврзува со стекнувањето на противправна лична корист на поединец или група на штета на јавните финансии и воопшто, јавниот интерес во земјата. Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни историски, психолошки, економски, правни, политички, социолошки и други фактори.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во чл.2 ја дефинира **корупцијата** како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“. Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:
- **пасивна корупција** – намерно дејствување на службено лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од каков било вид за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да дејствува или да се воздржува од дејствување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **активна корупција** - намерно дејствување на кое било лице што директно или преку посредник ветува или дава корист од каков било вид на службено лице за него или за трето лице, со цел да дејствува или да се воздржува од дејствување во согласност со неговите

обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски (чл. 2 ст.2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто се застапени следните:
- Злоупотреба на службена должност;
- Поткуп;
- Тргување со влијание;
- Користење на службени добра за лични потреби;
- Судир на интереси;
- Изнуда;
- Непотизам;
- Кронизам;
- Само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма).

Под поимот „**јавен интерес**" се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата (чл. 8 ст.8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

**Приватен интерес:** Материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности.

**Судир на интереси**: Состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности (чл.2 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

**Ризик од корупција**: Кој било вид внатрешна или надворешна слабост или постапка што претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостиг на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет**: Законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции (чл. 8 ст.6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси).

**Ризик** е веројатноста од случување на настан со негативно влијание на остварувањето на целите на субјектот (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола);

**Управување со ризик** е процес на утврдување и оцена на внатрешните и надворешните ризици кои може негативно да влијаат на исполнувањето на целите на субјектот и спроведување на потребните контроли со цел изложеноста на ризик да биде на

прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола);

**Контрола** се сите активности преземени со цел да се избегнат или намалат ризиците (чл.3 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола);

**Непотизам**: Во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување одлуки за вработување и склучување јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање дозволи)“.

**Клиентелизам:** Давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам**: Најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискрециските права.

## 3. Ризици и фактори на ризици од корупција

При проценката на ризиците од корупција се користат термините “ризик” и “фактор на ризик”. Овие поими честопати се поистоветуваат, меѓутоа ризикот треба да се разбере како поширока категорија затоа што може да биде производ од повеќе фактори на ризик.
ISO стандардот 31000:2009 за управување со ризикот ја дава следната дефиниција: „ризикот претставува ефект од неизвесноста врз целите“. Претходната дефиниција од овој стандард гласеше: “ризикот е можност да се случи нешто што ќе има влијание врз целите.“

Под **фактор на ризик** од корупција се подразбира сè што може да биде „прозор“ за/кон корупција, односно сè што може да поттикне вршење и/или толерирање на корупција.

Во литературата најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

- ***Системски или надворешни фактори на ризици од корупција***.
Тоа се фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област/сектор, владеењето на правото, функционирањето на институциите, нивната меѓусебна координација, општествената клима, културата на однесување во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, итн.

- ***Институционални/организациски фактори на ризици од корупција***.
Тоа се фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем во насока на оценување дали е тој соодветен за извршување на функциите во определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација, дали имаат соодветни услови за работа, итн. При ова ниво на проценка битно е да се практикува макро гледиштето (на ниво на општество (систем) или сектор, односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција.

- ***Индивидуални фактори на ризици од корупција***.
Тоа се фактори кои може да влијаат на поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко однесување.

- ***Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена хоризонтална област или сектор.***

Тоа се фактори кои можат да се идентификуваат како можна појава кај сите институции кои се вклучени или каде се врши определен процес (пр. област јавни набавки) во смисла на детектирање на заедничките предизвици кои произлегуваат од законските решенија или праксата на работа. Овде е битно да се нагласи дека при проценката се практикува макро гледиштето (на ниво на систем), односно фокусот не треба да биде на внатрешните предизвици на конкретна институција. Кај проценката на факторите на ризици од корупција на ниво на сектор, потребно е да се идентификуваат факторите (од макро перспектива) кои се поврзани со вршење на сите надлежности во секторот (не само во една област – пр. јавни набавки) со цел да се добие слика за слабостите во функционирање на секторот кои можат да поттикнат корупција.

## 4. Проценка на ризик од институционална корупција

Врз основа на усвоените Насоки за управување со ризик и Прирачникот за управување со ризикот од корупција, проценка на ризик од институционална корупција се одвива во шест фази:

1. Подготвителна фаза;
2. Идентификување на ризиците од корупција;
3. Анализа и евалуација на ризиците и тековни контролни мерки;
4. Идентификување и планирање на решенија/ мерки/ препораки;
5. Изготвување Регистар на ризици;
6. Имплементација и мониторинг/преглед на проценката на ризик од институционална корупција.

**Подготвителната фаза** претставува важен чекор во процесот на проценка на ризикот од институционала корупција. Во оваа фаза општина Охрид ја покажува подготвеноста и посветеноста за идентификување на ризици од корупција. Градоначалникот изготвува формален акт (решение) за формирање на работна група за проценка и управување со ризик од институционална корупција. Комисијата е во состав од лица менаџери за ризик на секторите во рамки на општина Охрид, координатор за управување со ризик и сите вработени, при што прецизно се утврдени нивните задачи. Сите вработени се информирани за управување со ризик од корупција.

Процесот на **идентификување на ризиците од корупција** општина Охрид го врши преку прибирање и анализа на информации кои се релевантни на институцијата, при што како извор на информации се користат сите закони и подзаконски акти, релевантни за општина Охрид, интерни акти и процедури (правилници, упатства, методологии, стратегии итн.), интерни документи (годишни интервјуа, интерни и ревизорски извештаи, дисциплински мерки итн.), како и надворешни документи (ревизорски и инспекциски извештаи, извештаи во медиумите за општина Охрид, жалби од граѓани во врска со работата на општина Охрид, јавно мислење, кривични пријави итн.). Главната цел на прибирање на вакви информации е: анализа на правните акти со цел да се идентификуваат евентуалните нерегуларности, недостатоци, преклопувања, итн. кои исто така би можеле да значат или да претставуваат ризици од корупција. Ова е антикорупциската анализа на законската рамка која се однесува на институцијата. Целта е да се направи анализа и

проценка на содржината на регулативата (закони, подзаконски и други општи акти), во смисла на нивна практична имплементација, усогласеност и нивно подобрување со цел откривање, спречување и минимизирање на ризиците на корупција и судир на интереси кои би можеле да се случат при примената на законите.

Проценката на ризик од институционална корупција општина Охрид ја изработува врз основа на самопроцена со формирање група на лица (по едно лице од секој сектор и координатор за управување со ризикот) кои одговараат прашалници анонимно и се прави анализа на истите и се врши идентицикација на ризици, односно подризици.

По идентификување на ризиците од корупција и ранливоста на корупција се **идентификуваат и анализираат актуелните/постојните контролни мерки** во споредба со ризиците кои биле идентификувани. Доколку овие внатрешни контроли и мерки се соодветни и ефикасни, во тој случај е помалку веројатно дека би дошло до идентификуваните ризици, или тие би станале сериозен обем, т.е. би имале големи последици/влијанија. Резултат од оваа анализа ќе биде да утврдиме дали некој ризик е:

a) контролиран (мерките се доволни и соодветни),
b) делумно контролиран, (ажурирање или дополнување на мерката) или
c) не е контролиран (не постојат мерки или истите не се адекватни).

Ризиците кои се делумно контролирани или не се контролирани треба дополнително да се евалуираат со користење на два фактори:

− Веројатноста идентификуваниот ризик да се случи (веројатноста се однесува на зачестеноста од тоа да се случи ризикот),

− Влијанието на ризикот, т.е. ефектите или последиците кои ќе произлезат доколку се случи ризикот (ефектите се однесуваат на последиците предизвикани од тоа што се случил некој настан).

Следен чекор е да се утврди/ процени дали тие факти веќе се оствариле (се случиле) и дали е можно повторно да се случат, како и тоа кои би биле последиците ако се случат? Оваа анализа визуелно се прикажува со тнр. „топлотна карта на ризици “, која претставува алатка за визуелно, концизно и прегледно прикажување на резултатите од процесот на проценка на ризикот.

Топлотна карта

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЛИЈАНИЕ | Значително | Средно | Високо | Високо |
| | Средно | Ниско | Средно | Високо |
| | Мало | Ниско | Ниско | Средно |
| | | Ниска | Средна | Висока |
| | | ВЕРОЈАТНОСТ | | |

Извор: Насоки за проценка на ризикот на Република Македонија 2015

Дефинирање на поимите кои се користат во топлотната карта:

| Проценка на ВЛИЈАНИЕТО | Толкување | | Проценка на ВЕРОЈАТНОСТА | Толкување |
|---|---|---|---|---|
| Ниско | Ако се случи ризикот, бизнис процесите и планираните активности нема да бидат попречени (или влијанието врз нив ќе биде незначително).<br><br>Примери: Одложувања кај мали проекти/ услуги<br>Загуба на средства (со ниска вредност)<br>Неповолно известување од медиумите | | Ниска | Не е веројатно дека би се случил ризикот или има одредено знаење за ситуацијата која се случила. |
| Средно | Ако се случи ризикот, активностите значително ќе бидат попречени.<br><br>Примери: Прекин на некои суштински програми/ услуги<br>Загуба на средства<br>Одредена загуба на довербата кај јавноста<br>Негативно известување во медиумите | | Средна | Настанот понекогаш ќе се случи. Претходните искуства или знаење за таквата ситуација одат во прилог на веројатноста дека ризикот ќе се случи. |
| Значително | Ако се случи ризикот, активностите ќе бидат значително попречени.<br><br>Примери: Попречување на сите суштински програми/ услуги<br>Загуба на големи средства | | Висока | Настанот се очекува да се случи во најголем број на околности. Јасните и чести докази или знаење за ситуации кои се случиле одат во прилог на веројатноста дека ризикот ќе се случи. |

| РЕЗУЛТАТИ ОД РАЗНИТЕ КОМБИНАЦИИ НА НИВО НА ВЕРОЈАТНОСТ И ВЛИЈАНИЕ: | |
|---|---|
| Ниско | Не е потребно постапување или доволно е само да се обрати внимание на идентификуваниот ризик |
| Средно | Ризикот мора да се следи, да се идентификуваат повеќе превентивни мерки, контрола на мерките кои биле идентификувани за минимизирање на ризикот, надредениот раководител треба да биде информиран за ризикот т.е. ризиците |
| Високо | Ризикот мора постојано да се следи, мора да се идентификуваат неопходниот број на мерки за превенција и контрола, строга и многу честа контрола на имплементацијата на контролните мерки, надредениот раководител мора постојано да биде во тек на неделна основа, да се вклучат надворешни контролни механизми/институции. |

Извор: Насоки за проценка на ризикот на Република Македонија 2015

По направената евалуација на ризиците се идентификуваат контролните мерки (или контра мерки) за сите ризици означени со ЖОЛТО или ЦРВЕНО за да ги сведеме на минимум. Мерките можат да бидат бројни и треба да бидат прилагодени на конкретната институција каде се прави проценка на ризикот од институционална корупција. По идентификување на сите контролни мерки за сите ризици или подризициопштина Охрид ќе назначи одговорно лице кое ќе води смета за спроведување на предложените

контролни/ превентивни мерки. Се препорачува за секој ризик да се назначи едно лице. По идентификација на ризиците и на нивните контра мерки се дефинираат крајните рокови за имплементација на секоја контролна/превентивна мерка. Роковите треба да бидат дефинирани по периоди наместо по датуми, при што во регистарот на ризик во која се користат броевите 1, 2, 3, 4... за упатување на соодветниот период, како на пример:

1- Мерки кои ќе се спроведат за 3 месеци
2- Мерки кои ќе се спроведат за 6-9 месеци
3- Мерки кои ќе се спроведат за 1 година
4- Мерки кои ќе се спроведат за 3 години

Сите ризици, контра мерки, одговорни лица и рокови кои се идентификуваат се организираат во единствен документ наречен регистар на ризици. Овој регистар треба да ги содржи следниве информации:

- ризици и подризици,
- предложени активности (контра мерки),
- проценка на ризиците со користење на топлотната карта,
- контра мерки за ризиците/подризиците,
- лица одговорни за имплементација на контра мерките,
- лица одговорни за контрола на имплементацијата,
- временска рамка (рокови за имплементација на сите мерки).

## 5. Регистар на ризици

| РИЗИК | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК | МЕХАНИЗМ И НА КОНТРОЛ А | ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦ ИЈА НА МЕХАНИЗМИТЕ | ПРИОРИТЕТИ – РОКОВИ[2] |
|---|---|---|---|---|
| Не постои лице одговорно за управување со каталогот на подароци. | Веројатност да се случи:<br>[ ][x][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка:**<br>[ ][x][ ] | Да се назначи одговорно лице за управување процесот за евидентирање на подароците. | Раководител на Сектор за поддршка на градоначалник | Мерките да се имплементираат во рок од 1-3 месеци. |
| Не постои едукација за корупција од Дирекција за спречување на корупција како превентивен механизам против корупција. | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка:**<br>[ ][x][ ] | Да се организира обука од Дирекција за спречување корупција за да се информираат вработените за постоечката регулатива, одговорноста, начинот на работење и постапување и нејзината суштина | Дирекција за спречување корупција: Државен советник за превентивни антикорупциски политики. лобирање. | Континуирана мерка. |
| Отсуство на генерички обуки на вработените во општина Охрид | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Да се организираат генерички обуки за вработените во општина Охрид со цел пододобрување на квалитет на работа и квалитет на извршување на услугите и да се овозможи континуирана едукација на вработените. | Раководител на Одделение за човечки ресурси | Мерките да се имплементираат во рок од 1-3 месеци и обуките да бидат континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Неследење и непочитување на измените и новините во законската регулатива | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Следење и почитување на измените и новините во законската регулатива | Раководители на сите сектори и одделенија во општина Охрид | Континуирана мерка |
| Нема интерен акт со кој се дефинираат области и видови на прописи и акти за кои е задолжителна јавна расправа и правилата за одржување на јавни расправи | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Изготвување на интерен акт за дефинирање на области и видови на прописи и акти за кои е задолжителна јавна расправа при носењето и правила за одржување на истата, заради зголемување на транспарентноста на процесот на донесување на прописи и акти. | Раководител на Сектор за правни работи | Мерките да се имплементираат во рок од 1-3 месеци |
| Безправно градење во заштитени подрачја и природни локалитети поради непостоење механизми и превземање на активности за превенција и спречување на загадување на карактеристични локалитети како Студенчишко блато | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[x][ ][ ]<br>**Финална проценка**<br>[x][ ][ ] | Почитување на законската регулатива. Воведување на процедури за превенција од загадување на карактеристични пејзажи и локалитети од беспправно градење на објекти. | Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад<br><br>Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |
| Потенцијалните загадувачи (фабрики) не се контролираат, не се врши мерење за загадување на воздухот. | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Зголемен инспекциски надзор и почитување на законската регулатива и подзаконските акти. | Одделение за инспекциски надзор | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поголема транспарентност во донесување на програмата за уредување градежно земјиште преку јавни расправи со вклучување на поголем број граѓани. | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Организирање на јавни расправи при утврдување на инфраструктурните приоритети во градот и населените места. | Сектор за комунални дејности и сообраќај; | Континуирана мерка |
| Судир на интереси во постапката за јавни набавки (како понудувач да се јави член на совет или вработен во општина) | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[x][ ][ ]<br>**Финална проценка**<br>[x][ ][ ] | Доследно почитување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси<br>Зајакнување на контрола и надзор во постапката за јавни набавки | Одделение за јавни набавки<br><br>Одделение за внатрешна ревизија | Континуирана мерка |
| Нецелосно објавување на интерните процедури на веб страната на општината. | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Јавно објавување на сите интерни процедури на веб страната на општината, со што граѓаните ќе бидат информирани за сите интерни процедури. | Раководители на сектори<br>ИТ администратор | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Нецелосно објавување на формулари и административни такси, уплатници и сл на веб страната на општината. | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Јавно објавување на веб страната на општината на сите услуги кои се вршат по електронски пат, процедури за нивно остварување, формулари и административни такси, уплатници и сл., со што на граѓаните ќе им бидат олеснети сите процедури. | Раководители на сектори<br>ИТ администратор | Континуирана мерка |
| Препознавање и детектирање на потенцијални ризици кои можат да влијаат на работниот процес | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Ажурирање на Стратегијата за управување со ризици | Координатор за ажурирање на Стратегија за ризици | Континуирана мерка |
| Отсуство на јавноста во процесот на планирање и припрема на буџетот на општината | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Организирање на јавна расправа за планирање и подготовка на буџетот на општината (собири со месни заедници, бизнис сектор) со што ќе се овозможи транспарентност при планирање и носење на буџетот. | Раководител на Сектор за финансиски прашања | Континуирана мерка |
| Чести измени на План за јавни набавки и ниска реализација на активностите од Планот за јавни набавки | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Почитување на законската регулатива и избегнување на чести измени на Планот за јавни набавки со што би се намалило влијанието врз реализирање на предвидените програмски активности, како и би се запазиле роковите за нивна реализација | Раководител на Одделение за јавни набавки<br>Раководители на сектори | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Непочитување на законските рокови за донесување на одлука за избор во тендерски постапки | Веројатност да се случи:<br>x<br>Влијание/последици<br>x<br>**Финална проценка**<br>x | Да се почитува законски предвидениот рок за донесување на одлуки во тендерските постапки со што се овозможува операционализација на начелата на економичност и ефикасност во јавните набавки; | Раководител на Одделение за јавни набавки | Континуирана мерка |
| Чести поништувања на тендери со што се одолговлекуваат постапките и постои ризик за нереализирање на програмски активности во тековната календарска година | Веројатност да се случи:<br>x<br>Влијание/последици<br>x<br>**Финална проценка**<br>x | Да се почитува законската регулатива од областа на јавни набавки, да се изготвуваат квалитетни технички спецификации и да се запазат сите критериуми согласно законската регулатива; | Раководител на Одделение за јавни набавки<br><br>Сите раководители на сектори и одделенија | Континуирана мерка |
| Отсуство на квалитет при изготвување на техничките спецификации во тендерски постапки што имплицира поништување и одолговлекување на постапките | Веројатност да се случи:<br>x<br>Влијание/последици<br>x<br>**Финална проценка**<br>x | Спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност | Сите релевантни организациони единици кои се носители на постапки за набавка | Континуирана мерка |
| Влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки заради фаворизирање на одредена фирма | Веројатност да се случи:<br>x<br>Влијание/последици<br>x<br>**Финална проценка**<br>x | Пријавување на обиди за влијание врз членовите на комисиите до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи | Сите службени лица назначени за членови на комисии за јавни набавки | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Отсуство на список со дискрециони овластувања и интерен акт за управување со дискрециони овластувања | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Да се изготви интерен акт за управување со дискрециони овластувања и список со дискрециони овластувања | Сектор за правни работи со лицето задолжено за пријави од укажувачи | Мерките да се имплементираат во рок од 1-3 месеци |
| Ниско ниво на свест и знаење за детектирање на корупцијата и коруптивното однесување во рамки на образовните институции; | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Да се воведе антикорупциска едукација во средните училишта;<br><br>Воведување и донесување на задолжителен етички кодекс за вработените во воспитно образовните институции каде детално ќе биде наведено кое однесување се смета за коруптивно. | Министерство за образование и наука<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Дирекција за спречување корупција<br><br>Општина Охрид<br><br>Сите образовни институции | Континуирана мерка |
| Искористување на положбата на родителите со цел наставникот или воспитувачот да добие некаква услуга за себе ( и тоа скоро никогаш не е пропратено со некакво финансиско барање, а сепак е корупција) | Веројатност да се случи:<br>[ ] [x] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | Воведување и донесување на задолжителен етички кодекс за вработените во воспитно образовните институции каде детално ќе биде наведено кое однесување се смета за коруптивно;<br>Јакнење на интегритетот на вработените во воспитно образовните институции во правец на нетолерантност кон корупција. | -Министерство за образование и наука<br>-Министерство за труд и социјална политика<br>-Дирекција за спречување корупција<br>-Сектор за јавни дејности<br>-Сите образовни институции<br>-Синдикати | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Немање на соодветен систем за контрола и надзор над работата на образовните институции (локалната нема во своја надлежност инспектор кој ова би го проверувал и би поведувал соодветни постапки) | Веројатност да се случи: [x – жолто]<br>Влијание/последици [x – жолто]<br>**Финална проценка** [x – жолто] | Да постојат задолжителни контроли и надзори и да се формира државен орган кој ќе биде респектабилен граѓаните и институциите да пријавуваат без страв од злоупотреба на тој кој ги доставил информациите;<br>-Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето со цел јавноста да има увид во работата на секој поединец; | -Собрание на РМ;<br>-Влада на РМ;<br>-Министерство за образование и наука<br>-Министерство за труд и социјална политика<br>-Дирекција за спречување корупција<br>-Сектор за јавни дејности<br>-Сите образовни институции | Континуирана мерка |
| Не постајат подзаконски акти конкретно правилници кои ќе го регулираат начинот на издавање на објектите во сопственост на воспитно образовните институции, што придонесува да има индивидуален пристап при регулирањето на оваа материја; | Веројатност да се случи: [x – жолто]<br>Влијание/последици [x – жолто]<br>**Финална проценка** [x – жолто] | Дигитализација на услуги и постаки за уписи, издавање на објекти, набавки и слично;<br><br>Спроведување на постапки за ИСО сертификација на воспитно образовните институции | Министерство за образование и наука<br>-Сектор за јавни дејности<br>-Сите образовни институции | Рокот за реализација на сите предвидени активности е веднаш со оглед што ова прашање долги години не се третирало. |
| Недоволно се работи особено со талентираните деца, пришто нивните родители се приморани да плаќаат приватни часови за доедукација, што неретко дава можност наставникот кој му предава на детето да му држи и дополнителна приватна настава; | Веројатност да се случи: [x – жолто]<br>Влијание/последици [x – жолто]<br>**Финална проценка** [x – жолто] | Спроведување на постапки за ИСО сертификација на воспитно образовните институции. | -Министерство за образование и наука<br>-Сектор јавни дејности<br>-Сите образовни институции | Рокот за реализација на сите предвидени активности е веднаш со оглед што ова прашање долги години не се третирало. |
| Издавање на одобрение/решение/потврда за градење (зголемениот интерес за градење, финансискиот интерес на инвеститорите, создаваат можност за поттикнување на коруптивно влијание и дејствување) | Веројатност да се случи: [x – зелено]<br>Влијание/последици [x – жолто]<br>**Финална проценка** [x – жолто] | Строго почитување на Законите и правилата, високиот морал и интегритет на вработените, нивното независно, непристрасно, етичко и одговорно однесување ја сведува можноста за ризик од корупција на најниско можно ниво;<br>- Организирање на континуирани обуки и редовно | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издавање на одобрение за поставување на урбана опрема (Зголемениот интерес за поставување урбана опрема во охридскиот регион создава можност за поттикнување на коруптивно влијание и дејствување). | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[x][ ][ ]<br>**Финална проценка**<br>[x][ ][ ] | Издавањето на дозвола за поставување урбана опрема е согласно Годишна програма за поставување на урбана опрема која ја донесува Совет на Општина Охрид и оттука можноста за ризик од корупција е сведена на минимум<br>-Организирање на континуирани обуки и редовно информирање на вработените;<br>-Изработка на годишна програма за поставување урбана опрема согласно јавниот интерес | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |
| Донесување на урбанистичко-планска и урбанистичко-проектна документација (Зголемениот интерес за урбанизација и градење, создаваат можност за поттикнување на коруптивно влијание и дејствување) | Веројатност да се случи:<br>[x][ ][ ]<br>Влијание/последици<br>[ ][x][ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ][x][ ] | Строгото почитување на законската регулатива која вклучува голем број стручни лица, пропишува формирање на стручни тела за контрола на процесот (партиципативно тело, комисија за урбанизам)како и постоење на други институционални „филтри“ во текот на постапката, ја сведува можноста за ризик од корупција на минимум<br>-Организирање на континуирани обуки и редовно информирање на вработените;<br>-Вклученост на јавноста во јавни презентации. | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (Зголемениот интерес за легализација на бесправно изградени објекти создава можност за поттикнување на коруптивно влијание и дејствување). | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[ ] [x] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[ ] [x] [ ] | -Строго почитување на Законите и правилата, високиот морал и интегритет на вработените, нивното независно, непристрасно, етичко и одговорно однесување ја сведува можноста за ризик од корупција на најниско можно ниво.<br>-Организирање на континуирани обуки и редовно информирање на вработените;<br>-Воведување систем за контрола на процесот со проверка. | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |
| Управување со градежно земјиште (Нема значаен интерес за оттуѓување, откуп, закуп на државно земјиште и оттука можноста за ризик од корупција е сведена на минимум) | Веројатност да се случи:<br>[x] [ ] [ ]<br>Влијание/последици<br>[x] [ ] [ ]<br>**Финална проценка**<br>[x] [ ] [ ] | Строго почитување на Законите и правилата, високиот морал и интегритет на вработените, нивното независно, непристрасно, етичко и одговорно однесување ја сведува можноста за ризик од корупција на најниско можно ниво.<br>- Организирање на континуирани обуки и редовно информирање на вработените. | Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште | Континуирана мерка |

## 6. Антикорупциска политика на општина Охрид

Антикорупциската политика на општина Охрид се базира на Законот за спречување на корупцијата, како клучен материјален правен пропис кој ги воспоставува базичните принципи на кои се темели борбата со корупцијата и нуди солидна основа за спроведување на квалитетни антикорупциски политики. Законот ја дефинира корупцијата како злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Општина Охрид активностите во делокруг на своето работење ги остварува врз основа на начелата на законитост, интегритет, еднаквост, јавност, заштита и одговорност.

**Начело на законитост**, според кое во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност секој е должен да постапува во согласност со Уставот и со законите. Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање дејствие што, според закон, не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие во личен интерес, ниту во интересот на друго лице. Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција, освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.

**Начело на интегритет**, според кое секој е должен, во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност, да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице, во извршувањето на јавните овластувања и должности, е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било, со целосно почитување на јавниот интерес. Службеното лице, во вршењето на својата функција, е должно да внимава на евентуален судир на интереси, и, при извршувањето на јавните овластувања и должности, не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

**Начело на еднаквост**, според кое секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности. Секој има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување. Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба со која може да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

**Начело на јавност**, според кое вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола. Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или ќе се исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси и

**Начело на заштита и одговорност**, според кое секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен, согласно со закон. Секој кој е оштетен со коруптивно дело (утврдено со правосилна судска одлука) има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност, од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во време на извршувањето на делото.

**Секое службено лице при извршувањето на својата функција и службените должности е должно да се придржува кон овие начела. Тие ја сочинуваат широката правна рамка и на нив може да се повика секој што смета дека определено службено лице се однесува несоодветно.**

Судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, непотизам, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот претставуваат ризици од корупција.

**Забрана за примање подароци**

Согласно членот 58 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, службеното лице, при вршењето на јавните овластувања и должности, не смее да прима подароци, освен во случаите, во износ и на начин утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно со Законот за вработените во јавниот сектор. Од овие два закона единствено Законот за вработените во јавниот сектор го регулира прашањето за подароците, со укажување дека вработените во јавниот сектор не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа, со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност. Подароци што не ја надминуваат вредноста од 1.000 денари, или подароци добиени од иста личност, чијашто вкупна вредност не надминува 3.000 денари во дадена година, се сметаат за подароци од пониска вредност. Подароци примени од службени лица или од меѓународни орга низации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности, се сметаат за протоколарни подароци. Вработените во јавниот сектор се обврзани да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат оваа вредност стануваат сопственост на работодавачот. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот, вработениот е обврзан подарокот да го достави до работодавачот. Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци, а начинот на располагање, начинот на управување со евиденцијата и другите прашања во врска со примањето, се уредува со уредба на Владата.

**Судир на интереси**

Судирот на интереси често се поистоветува со неспоивоста на фукциите. И покрај тоа што и двата термини се однесуваат на иста проблематика и имаат иста цел, а тоа е спречување состојба во која службеното лице нема да биде во можност својата службена должност да ја извршува законито, совесно и непристрасно, помеѓу нив постои една формална разлика. Неспоивоста на функциите е правно попрецизно поставена во системот, бидејќи истата на конкретен начин е содржана во законската регулатива и точно ги дефинира линиите на неспоивост на определени функции. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја поставува базичната правна рамка по ова прашање, со формулација дека избрано или именувано лице, за време на траењето на неговиот мандат, е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функцијата што ја врши со други функции или дејности, утврдени во Уставот и законите. Со истиот закон се регулира и дека функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа, се неспоиви една со друга. Според тоа, на неспоивоста на функциите мора да се внимава веднаш, уште при изборот и именувањето на определено лице на одредена функција. Според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес, што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Овој закон го регулира начинот на кој службеното лице треба да постапи во ситуација на судир на интереси, неговото пријавување, како и постапувањето на ДКСК во случај на сомневање на постоење на ваква состојба. За прекршителите на Законот, во поглед на непријавување на судирот на интереси и неизземањето во ситуација на судир на интереси, предвидени се санкции, кои по иницијатива на ДКСК ги изрекува претпоставениот орган на службеното лице. Ако службеното лице кое е избрано на непосредни избори не постапи согласно со барањето од ДКСК за надминување на состојбата на судир на интереси, Државната комисија донесува одлука за изрекување мерка јавна опомена, којашто му ја доставува на службеното лице и ја објавува на својата веб страница и во средствата за јавно информирање, а поведува и прекршочна постапка.

**Непотизмот и клиентелизмот** се појави кои на експлицитен начин не се дефинирани во законската регулатива, меѓутоа, поради својата коруптивна природа, истите треба соодветно да бидат адресирани. Во наши околности, непотизмот главно се препознава во фаворизирањето на роднинската и партиската припадност при вработувањата, доделувањето функции и напредувањето во јавниот сектор. Клиентелизмот пак, претставува искористување на политичката моќ, најчесто од позиција на владеачка гарнитура, преку која се влијае кон одредени целни групи граѓани за добивање подршка во

изборниот процес или обезбедување стабилен политички рејтинг. Освен при вработувањата во јавниот сектор, клиентелизмот често може да се препознае и при креирањето на политиките за социјална помош, исплатите на субвенции и сл. Одговорот на овие негативни појави треба да се бара во воспоставувањето на транспарентни процедури при вработувањето, распределбата на социјалната помош и субвенциите- базирани на објективни и мерливи критериуми, со што дискреционите права на функционерите би се ограничиле на минимум.

### 6.1.Препознавање и пријавување на корупцијата

Основниот предуслов за успешна борба со корупцијата е нејзиното препознавање и подготвеноста на секој поединец за соодветна реакција кога ќе се соочи со акт на корупција. Затоа, треба да се знае дека корупцијата подразбира злоупотреба на функцијата, на јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Најчест облик на корупција е таканаречената пасивна корупција, која се состои од намерно делување на службено лице, кое директно, или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски, или да ги врши своите надлежности, спротивно на службените обврски. При тоа, делувањето може да се манифестира и препознае преку:

- Имплицитно барање/примање корист (пари, материјални средства, противуслуга и статус);
- Неоправдано одоговлекување на постапувањето;
- Недозволиво давање информации на странки / тргување со информации;
- Несоодветно менаџирање со човечките ресурси;
- Недозволени барања и наредби од претпоставените;
- Несанкционирање на прекршителите на нормите за професионално однесување.

Јакнењето на интегритетот кај службените лица, но и на институциите во целина, претставува најзначајната брана за појавата на корупцијата. Корупцијата мора да се пријави и за да се сочува интегритетот на службата, честа и достоинството на останатите вработени. При извршување на својата работна должност службеното лице може да се најде во ситуација:

- да биде соочено со незаконито барање / наредба од претпопставен и
- да забележи корумпирано однесување во неговата околина.

Законот за спречување корупција и судир на интереси ги дава потребните насоки за тоа како треба да се реагира во вакви ситуации. Така, службеното лице од кое неговиот претпоставен или избрано или именувано лице бара, во вршењето на службата, да постапи спротивно на Уставот, законот или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата. Доколку и по усното укажување непосредно претпоставениот ја повтори таквата наредба, службеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и ДКСК. По писменото укажување,

службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност, ниту да трпи последици. Службеното лице кое постапило на овој начин има право на заштита, согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи. Службеното лице е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на закон за кои дознало во вршењето на својата должност. Притоа, треба да се напомене дека не може да се преземе казнено гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење корупција, како и тоа дека на лицето што дало изјава или сведочело во постапка за коруптивно дело му се обезбедува заштита согласно со закон. Лицето има право на надоместок на штета што може да ја претрпи тој или член на неговото семејство поради дадената изјава или сведочење.

Со **Законот за заштита на укажувачи** се уредува заштитеното пријавување во јавниот и приватниот сектор, заради заштита на јавниот интерес, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите. Овој закон не го спречува кого било директно да пријави корупција до ДКСК, МВР или Јавно обвинителство. Негова цел е да обезбеди механизми за поедноставено пријавување на корупцијата, како и заштита на укажувачите.

Заштитеното пријавување е дефинирано како пријавување, односно откривање, со кое, согласно со овој закон, се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Како укажувач пак, во смисла на овој закон, е она лице кое со добра намера врши заштитено пријавување согласно со закон. Пријавувањето може да биде сторено анонимно или доверливо, при што на укажувачот му се гарантира соодветна заштита и му се обезбедува доверливост. Ваквата формулација на заштитеното пријавување и на укажувачот јасно упатуваат на тоа дека Законот овозможува заштита само на лице кое со добра намера врши пријавување на казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување. На тој начин се прави дистинкција помеѓу вистинското, совесното и серизното пријавување и манипулативните намери на поединци.

**Законот за лобирање** кој стапи во сила во јуни 2022, на локално ниво е правна рамка да се спречи трговијата за незаконско влијание во креирањето и реализацијата на локалните политики. Преку контролните механизми вградени во законот се овозможува заштита на јавниот интерес и спречување на коруптивни дејствија.

**Етичките кодекси** претставуваат внатрешни општи акти на правните субјекти и нивните асоцијации со кои се афирмираат позитивните вредности во врска со поведениeто на поединците и се промовира етичката култура. Од аспект на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, етичките кодекси се од исклучителна важност, особено во секторот на јавните служби. Цел на етичките кодекси е да воспостават правила на однесување во јавниот сектор чија имплементација ќе овозможи испорака на квалитетни и професионални услуги за граѓаните.

**Кодексот за административни службеници** ги промовира универзалните принципи, како што се: законитост, професионалност, одговорност, недискриминација; јакнење на личниот интегритет; чување на угледот на институцијата; јакнење на довербата на јавноста во институцијата; промовирање транспарентност и отчетност, политичка неутралност, застапување на јавен интерес, однесување со странки, колеги и претпоставени,

економично и ефикасно користење на ресурси итн. Административниот службеник при вработувањето во службата потпишува Изјава за прифаќање на Декларацијата за заедничката мисија на вработените во јавниот сектор.

Општина Охрид има овластени лица за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи, а во врска со корупција во јавните набавки согласно Закон за заштита на укажувачи, овластени лица за координирање на воспоставувањето на процесот на управување со ризици во општината преку мапирање на ризици и подготовка на стратегија за управување со ризици, работна група за проценка и управување со ризик од институционална корупција и лица кои известуваат за неправилности и сомнежи за измами или корупција, согласно Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.

## 7. Цели на Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2026 година

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на општина Охрид за 2026 година заради минимизирање на потенцијалните ризици на корупција и спречување на институционалнта корупција ги постави следните цели:

- Зголемување  на свеста за корупција кај вработените во општина Охрид;
- Јакнење на интегритетот на вработените во општина Охрид и на институцијата во целост;
- Зголемување на транспарентноста и одговорноста на вработените кон граѓаните, како и подобрување во работењето;
- Еднаков третман кон сите граѓани кои добиваат и бараат услуга од општинската администрација;
- Брза детекција и идентификација на ризиците на корупција и превземање мерки за нивно искоренување;
- Развојна антикорупциска политика на општина Охрид;
- Реализација на конкретните мерки во предвидениот рок од страна на одговорните лица во општина Охрид.

Изработил:
Виш соработник: д-р Билјана Богданова-Смилевска
Одобрил: Александар Китески-Секретар

Градоначалник на општина Охрид
Кирил Пецаков